**6. УДК 314.04-058.832.1 (497.782)**

**Мери Марија Тодоровска (Македонија)**

# НИКОЈ НЕ САКА ДА БИДЕ ЦРНО ПИЛЕ. ЕТНОГРАФИЈА НА НЕЖЕНЕТИТЕ ВО ПОРЕЧЕ*

*Айсшракш*: Миграцијата село–град, која ја има зафатено Македонија уште пред шеесетина години, придонесува македонските села да бидат раселени. Некои од нив едвај живуркаат со по неколку стари жители, по чија смрт ги чека судбината на многу села што одамна се напуштени. Индустријализацијата што се одвиваше по Втората светска војна поттикна многу од жителите на селата да одат на работа во фабриките што се отвораа, во потрага по полесен и подобар живот. За сметка на тоа, на македонското село не се обрнувало внимание во поглед на подобрување на условите за живот, па така обратен процес на миграција, односно град–село никогаш не се ни случил. Вака стојат работите и во Порече, крај во кој не само што нема подобрување на условите за живот туку, исто така, нема ни добра поврзаност со урбаните центри, па така на почетокот на дваесет и првиот век овој крај се чини дека е прилично изолиран од светот. Младите луѓе не сакаат да живеат во вакви услови. Заради своето школување одат во поголемите места, па гледајќи го начинот на живот што се одвива таму, повеќе немаат желба да се вратат во селата. Полесен начин за останување во градот имаат девојките, кои се мажат многу рано, оставајќи по селата момчиња што немаат за кого да се оженат. Поради тешките услови за живот, момчињата се во ситуација да не можат да донесат жена што би прифатила да се омажи за нив, ниту пак се во состојба да ги напуштат селата и да отидат да живеат во градот поради своите ограничени материјални можности. Во ваква незавидна положба, тие излезот го бараат во седењето пред селската продавница, каде што повеќето од нив се речиси постојано со шише пиво в рака.

*Клучни зборови*: стари ергени, жена, Порече.

Предмет на ова истражување се т.н. стари ергени во пределот Порече, односно мажи што достигнале одредена возраст, а не успеале да оформат семејство. Целта на ова истражување е да се прикаже нивната положба во средината во која живеат, нивниот поглед кон самите себе и погледот на средината кон нив, нивната секојдневна борба со самечкиот живот и начините на кои се трага по животната сопатничка. Основата на истражувањето ја сочинуваат исказите на т.н. стари ергени, надополнети со искажувања на неколку повозрасни жени и мажи. Секоја интимна приказна споделена со авторот од овие т.н. стари ергени е живописна на свој начин и секоја од нив придонесува во оформувањето на целосната слика за нивна-

* Истражувањето е финансирано од страна на Националниот центар за наука, Полска, број на проект: 2011/01/D/HS3/03583

та потрага по животен сопатник, во која волно или неволно тргнале самите или во таа потрага ги втурнала средината во која живеат, па очекувањата на средината, на крајот, свесно или потсвесно, стануваат и нивни очекувања.

Решенијата што се применуваат за овој „проблем“ се различни. Во селската средина, сè уште се прифаќа стапувањето во брак преку стројник, нешто за кое како прифатливо решение се изјаснија речиси сите соговорници и оставија впечаток дека тоа некако им изгледа како сигурно решение. Причината за тоа, најверојатно, е дека овој начин на женење/мажење е проверен и функционирал со генерации во нивната средина, па како таков им изгледа како еден од најповолните. Втората работа поврзана со ова е дека тие, т.н. стари ергени, најчесто се врзани со работата во нивното село, па поради тоа што не можат да ја оставаат стоката или земјата необработена подолго време, немаат можност самите да тргнат во потрага по невеста. Исто така, повеќето од нив се со ограничени материјални средства, па тоа што го имаат заштедено, посигурно им е да го потрошат на стројник. За него претпоставуваат дека со сигурност ќе си ја заврши работата, што е подобро отколку, повторно, самите да тргнат во потрага по невеста, пат што најчесто носи несигурност и ризик да го потрошат и тоа што го имаат, а на крајот да останат со празни раце, односно, и без жена и без пари.

Кога станува збор за возраста, заедницата во Порече има одредена горна граница на години по чие навршување момчето спаѓа во категоријата стари ергени. Оваа граница се движи најчесто околу триесеттата година, па секој што ја надминал оваа возраст, во оваа средина го сметаат за „стар ерген“. И покрај постоењето на ваквата граница во поимањето на селаните, сепак ниту еден од соговорниците што според годините ја имаа надминато, па следствено на тоа би спаѓале во категоријата, не сакаа да разговараат за некакви бројки. На прашањето која е возраста според која ергенот се категоризира како стар, никој од оние што, според погоре кажаното, ги исполнуваа условите за влез во оваа категорија не даде конкретен одговор, и сите до еден избегнуваат да одговорат. Најчесто кон вака поставеното прашање се однесуваа како кон апстрактна категорија, која за нив е непозната, па „не знам“ го слушав како најчест одговор. Очигледно беше дека се свесни за тоа дека, според критериумите на заедницата, тие припаѓаат во групата стари ергени. Секој од нив сигнализираше со одредени движења или мимика, како и со свртување на погледот настрана, дека поставеното прашање создава чувство на непријатност кај него. Свесни за својата возраст, која стои како непобитен факт, како да се нашле во небрано, границата за станување стар ерген никој од нив не сакаше да ја дефинира. Причината најверојатно лежеше во поврзувањето на поимот стар со поимот ерген, што ним можеби им личеше на еден вид оксиморон, нешто што како поим постои во нивната средина, но кога се однесува на нив лично, не сакаа да го доведуваат сопствениот статус на ерген во врска со староста. Ова може да изгледа и логично, тргнувајќи од поимањето на староста во народната култура, каде што таа се доведува во врска како со немоќта, па со самото тоа старите лица се сфаќаат како товар во заедницата, така и со неспособноста за биолошка репродукција. Или: „и децата и старците се репродуктивно и трудово бескорисни за заедницата, па во таа конкретна смисла тие за неа се само товар и уште една уста за ранење. Сексуално - репродуктивната неспособност на старите мажи е чест мотив за подбивање во еротските народни приказни“ (Јакимовска 2009: 197). Иако тие се сè уште далеку од онаа возраст што би ги дефинирала како стар(ц)и, сепак како да одбегнуваа одговори со кои себеси би се доведувале во релација со поимот стар воопш-

то. Исто така, нивната немоќ за остварување на очекувањата на средината на одредена возраст да формираат семејство ги доведува во ситуација да се чувствуваат инфериорно во тој контекст, односно дека не го постигнале соодветното и очекуваното социјално однесување што се смета за „нормално“ во нивната средина. Со тоа како да останале заглавени во еден меѓупростор, фатени ни ваму, ни таму, иако достигнале возраст што е поволна за исполнување на обврската. „...Достигнувањето полова зрелост е своевиден ’праг‘ по кој од поединецот се очекува да формира семејство и со тоа да мине од една социјална ниша во друга (од онаа на момата, односно ергенот, во онаа на жената, односно зрелиот маж). Менувањето на репродуктивниот статус, кој пак е поврзан со физичкиот раст и развој на телото (како и со телесното опаѓање во староста) е рефлексија на неговото ’биолошко време‘. Но тоа, биолошкото време, станува релевантно за дефинирање на возрасните групи само тогаш кога се поклопува со ’социјалното време‘ на поединецот – тогаш биолошката возраст станува основа за онаа социјалната“ (Јакимовска 2009: 174).

Сепак, еден од соговорниците во разговорот возраста од триесет години, која претходно беше наведена како праг преку кој кога ќе се премине се влегува во друштвото на стари ергени, ја посочи како граница по која се менуваат ставовите, а личноста се повлекува во себе, па се менуваат и интересите, а кругот во кој се движи се состои од оженети, па и повозрасни мажи. Со ова размислување, на некој начин, како несвесно да ми даде потврда дека сепак возраста од триесет години е некаква замислена граница, која сепак постои во сфаќањата, овој пат не само на селската заедница туку и кај самите ергени. По нејзиното преминување се случуваат промени и кај ергените, па и покрај тоа што тие самите не сакаа да признаат дека постои некаква возраст што би ги дефинирала и би ги сместила во некое друго (постаро) друштво, сепак, со нејзиното поминување, повеќе како да не спаѓаат во помладата генерација, што и не е баш многу пријатно за признавање, како на себеси така и на другите, а особено не на еден дојденец, кој згора на сѐ е женско.

## Родов дисбаланс

Уште кај Обрембски се среќаваат податоци за состојбата со недостиг на жени во Порече: „Сепак, одредени феномени покажуваат дека брачниот однос во Горно Порече мора да се гледа во корист на машката популација... Постои постојан, иако на многу голем, одлив на жени од Г. Порече, кој не е пропорционален со обратниот процес. Ова се должи на високата цена на бракот на маж од Г. Порече со жена од земјоделскиот регион, што не им оди во прилог на локалните мажи. Главни тешкотии во изнаоѓање брачен другар за вдовците, на кои млади девојки им биле оспорени, покажува дека недостатокот на жени во локалната област јасно се чувствува“ (Обрембски 2001: 253). Состојбата денес е уште подрастична, па така млади немажени девојки речиси и нема. Тешките услови за живот, изолираноста на крајот, како и тешкото напуштање на традициските норми, кои, иако во помала мерка, сѐ уште важат особено за женската популација, заедно имаат влијание девојките излезот да го бараат во раното стапување во брак, и тоа што подалеку од селото. Во ваквата нивна постапка имаат полна поддршка од родителите, кои дополнително ги поттикнуваат што побргу и што подалеку да се омажат. По завршувањето на основното образова-

ние во училиштето во Самоков, младите луѓе одат на понатамошно школување најчесто во Македонски Брод и во другите поблиски градови, како Прилеп и Кичево, но и во Тетово и во Скопје. За некои ова е прво излегување од селската средина во која дотогаш растеле и живееле. Разликата во начинот на живот, која ќе ја почувствуваат по средбата со градовите, придонесува да посакаат никогаш повеќе да не се вратат на стариот начин на живот. Постигнувањето на оваа цел оди многу полесно за девојките, кои ова го решаваат со мажење во градовите. Со потенцијалните сопрузи се запознаваат за време на нивното школување, па некои од нив и со незавршено средно образование се решаваат да стапат во брак и на тој начин да ја постигнат целта. Водени од желбата да избегаат што побргу, тие се одлучуваат да стапат и во мешани бракови, односно ни беа посочени примери за мажење на девојки од овие села за Македонци муслимани, но и за Албанци од околните села и градови.

Трајното преселување во градовите преку склучување брак оди многу потешко за момчињата, затоа што тие, за разлика од девојките, треба да исполнат поинакви услови. Најнапред, треба да имаат сопствен дом во градот, како и работа со која би заработувале средства за издржување на семејството. Исполнувањето на овие услови е многу тешко за поречките момчиња, бидејќи повеќето од нив потекнуваат од семејства со скромна имотна состојба, па купување на некаков недвижен имот во градовите за нив претставува речиси невозможна мисија. Доколку пак би се одлучиле да изнајмат стан или куќа во градот, тоа повторно, поради нивните скромни материјални можности, би одело многу тешко. Ограничените материјални средства, исто така, се пречка момчињата да се здобијат со повисоко образование што би им овозможило да најдат подобра работа. Така, притиснати од сите страни, од традицијата и од очекувањата да оформат семејство што поскоро, од лошата материјална состојба, од недостигот на жени во крајот, кои воопшто и не размислуваат за нив како за потенцијални кандидати за мажачка, момчињата најчесто излезот го бараат во седењето во селските продавници со пиво в рака.

Во традициското поимање на пожелниот партнер, генералната атрактивност на потенцијалните кандидати се проценува врз основа на нивните вештини и способности што се потребни за извршување на секојдневните обврски, од кои пак зависи секојдневното преживување на семејството. И додека „градските“ замисли и идеали за бракот ја подразбираат и љубовта како еден од основните услови што треба да се исполнат за тој да се реализира, таа како сегмент кај старите ергени речиси и не беше спомната. Потребата од имање животен сопатник изгледаше како чисто практична работа, во која љубовта и не се вклопува многу, а основната цел на бракот за нив како да беше само помош и олеснување на секојдневните обврски, создавање потомство, како и помош во староста, „*...некој капка вода да ти дај*“ (соговорник, роден 1967 г., Горно Порече). Но, исто така значеше дека со исполнување на ова, кое како обврска стои исправено пред нив од традицијата, ќе има промена и во нивниот социјален статус, кој секако е неповолен, или барем така е гледан од нивната средина, и ќе преминат во друштвото на полноправни членови за селската заедница. Целосното отсуство на љубовта како концепт или пожелен елемент и предуслов за стапување во брак, може да се сфати и на тој начин дека сè уште преовладува практичното, односно стапувањето во брак е само еден начин на решавање на еден, ако не и на повеќе од натрупаните проблеми. За некаков љубовен занес или копнеж да се љуби или да се посакува жена, или пак обратно, да се биде предмет на страст и на посакување од страна на една жена, овде во-

општо и не станувaше збор, па така ниту еднаш никој од нив не посака да биде сакан.

## Профилот на посакуваните невести

Сите соговорници, стари ергени, имаа замислено одреден профил во кој треба да се вклопи нивната идна жена. Сите нивни изложени мислења генерално се темелат на нивните идеи или идеали за тоа како би требало или како би можело нештата да функционираат, а не на преживеани лични искуства. Според тоа, интересно е колку тие, во овие свои замислени бракови, се подготвени да отстапат или пак да се придржуваат кон традициските правила и норми, како и кон машко-женските односи, за да стапат во брак или кога би стапиле во брак. Генерално сите беа согласни околу возраста на идната невеста, односно сите сакаа таа да биде приближно на нивни години. Приближно истата возраст, според нив, би овозможила подобро заедничко разбирање, додека помладите девојки се понезрели, па би имало дисхармонија. Разликата во годините, доколку се одлучат за помлада невеста, ги наведуваше да размислуваат дека со девојката што ќе биде многу помлада од нив ќе имаат спротивни интереси, па со самото тоа ризикуваат бракот да не успее. Поради нивната младост, можеби девојките не би размислувале многу за домот и семејството, за заедничката иднина, можеби и би имале склоност кон забава, па со самото тоа би имале дијаметрално спротивни интереси со својот сопруг, што на крајот е можно да доведе до растурање на бракот. Свесни за сите ризици што ги носи погрешниот избор на невеста, а на кои, со оглед на возраста што ја имаат достигнато, не би сакале да се изложуваат, им се чинеше дека е најсигурно да изберат жена што со возраста ќе биде блиску до нивната.

Во нивните замисли, идеалот за вистинска, добра жена подразбираше исполнување на неколку услови, кои горе-долу им беа заеднички на сите со кои разговарав. Основниот услов беше да биде домаќинка, нешто што како поим се поврзуваше со разбрана, да има во главата, нормална, што би значело дека секоја „паметна“, „нормална“ и „разбрана“ жена треба како своја обврска да го преземе извршувањето на домашните работи. Тоа, во условите што ги има во овие села, значи, покрај одржување на куќата и готвење, и месење леб, перење на рака. Иако во селата не постојат некои услови, соговорниците изразија подготвеност за нивно подобрување, но со тоа таа да си ја преземе улогата на домаќинка:

> *„А бе... домашни рабоṫи. Овде се месиṫ леб, се ӣериṫ рачно, сеа не е ӣроблем, ќе набавиме и машини и, шо се викаṫ и друӣи ред рабоṫи. Не е ӣроблемоṫ ṫоа, ṫоа е најмал ӣроблем, шо се викаṫ машина. Домашниṫе рабоṫи ṫа да си бркаṫ. Домашниṫе рабоṫи шо се викаṫ“* (соговорник, роден 1972 г., Горно Порече).

Во овие нејзини обврски, секој од соговорниците изрази подготвеност за давање помош, но не и за преземање на обврските на себе. Доколку пак жената не знае да готви, тогаш соговорникот покажа готовност тоа да го направи наместо неа, но само за да ја научи и да ѝ објасни, а понатаму таа повторно би била одговорна за извршувањето на оваа обврска. Кај него како да беше присутен страв дека ако тој премногу почне да се занимава со готвење, тогаш таа би можела да се олабави и да очекува дека тој постојано ќе ја извршува оваа работа. Тој лично очекуваше, откако

тој ќе ѝ покаже, таа да биде „разбрана“ и да си ги извршува обврските што се очекуваат од неа, па разбраноста за него се состоеше во тоа дека треба да се грижи за неговите потреби, изречени во еднина.

> *М. Т.: Мхм. А, друго што ти е важно, да биде домаќинка, да знае нешто, што... што да прави?*
>
> *С.: Па, добро, и да не знае, ќе ја научиш, што. Сега, во денешно време, ќе ѝ објаснам. Само битно, да се... да е разбрана, разбираш? Да разбира дека требе да биде... да ми скува, дека треба да, да ми опере, разбираш? Тоа е да биде разбрана* (соговорник, роден 1975 г., Горно Порече).

Кога е во прашање извршувањето на домаќинските работи, несоодветното однесување и непознавањето на некои сегменти, особено пред гости, кај соговорникот беа поврзувани со ниска интелигенција, па така за него ваквата жена беше „ептен тупа“. Дочекувањето гости е една важна карактеристика на посакуваната жена, што се гледа и од поврзувањето на оваа особина со тоа дека таа треба „*правилно да има во глава... да знае гостин да дочека, да испрати, да работи*“ (соговорник, роден 1967 г., Горно Порече). Покрај тоа што и оваа особина беше поврзана со интелигенцијата и, што е уште поважно, со разликувањето на „правилното“ однесување, очигледно, според оваа посакувана карактеристика на идната сопруга, и понатаму е важно мислењето и погледот на околината. Несоодветното однесување пред гости или нејзината неумешност со нив би се протолкувала како недомаќинско однесување, па со самото тоа најверојатно, и тој и таа, би станале предмет на анализа и озборување во селото. Ова не е ситуација во која би сакал да се најде стариот ерген, кој преку женидбата штотуку би успеал да се ослободи од еден непожелен статус што го имал во селската средина, а со нејзиното однесување би влетал во нов, па со тоа повторно би се довел до она „*некој да ме покажује со прс*“ (соговорник, роден 1967 г., Горно Порече).

Чесноста на невестата исто така не беше земана воопшто како фактор при изборот. Повеќето соговорници изразија сомневање дека воопшто постојат такви девојки во денешно време, а доколку и ги има, тие беа окарактеризирани како глупави или дека нешто им фали. За ова прашање, тие тргнуваа и од себеси, што значи потенцираа дека и тие биле со некоја девојка претходно, па поради тоа на некој начин немаат право да бараат од идната сопруга да влезе невина во бракот. На тој начин ставаа знак на еднаквост за ова прашање помеѓу жените и мажите, за разлика од минатото, кога било недозволено жената да не ја зачува својата невиност за во бракот, додека тоа за момчињата не важело како правило.

Додека на ергените ова не им беше важно, еден пример раскажан од повозрасна жена од с. Косово посведочи дека ваквата морална норма е сè уште присутна како правило кај нејзината генерација. Таа го опиша необичното доаѓање на нејзината снаа од друг крај на Македонија, причините за таквото однесување на девојката, како и причините што довеле до тоа таа да се најде во поречкото село Косово. Имено, таа ја изгубила својата невиност со некое момче со кое учела во средното училиште. Нејзиното однесување, односно долгите отсуства од домот на родителите, кои понекогаш траеле и со денови, предизвикале нејзината мајка да се посомнева во одговорите што ги давала девојката за нејзиното движење. Таа на мајка ѝ ѝ кажувала дека спие кај другарка, но всушност таа преспивала кај момчето. Кога мајката ја открила лагата, сакала да ѝ ја отсече главата со секира, ставајќи ја на трупец. Поради стравот од оваа

случка, девојката решила да побегне оддома и да се омажи. Прилика нашла во човекот што бил од Самоков, па најверојатно слушајќи ја приказната за многу стари ергени во Порече, решила да замине со него. Човекот, по пристигнувањето во Самоков, се јавил кај својот шура, па му ја понудил девојката за жена. Најнапред не верувал, но, по краткиот разговор, ергенот се согласил на средба со девојката уште истата вечер. Откако се сретнале и „се бендисале“, тој ја довел дома. Подоцна, во разговор со својата свекрва, таа ја раскажала целата приказна за причините поради кои се решила на ваквата постапка. Свекрвата, затечена од тоа дека таа не била невина кога дошла, со чудење ја прашала како нејзиниот син тоа го прифатил, па била изненадена дека целиот случај поминал без никаков проблем од негова страна. Забележливо беше мислењето и сомневањето на свекрвата дека нејзината снаа имала само еден „дечко“, па поради нејзината изгубена невиност пред бракот, нешто што кај свекрвата поттикнуваше мислење дека тоа асоцира на несоодветно и недолично однесување, таа се сомневаше дека „може имала и десет“, за на крајот да ја оквалификува снаата како „курвиште“ (соговорник, роден 1952 г., Горно Порече). Исто така, од разговорот може да се забележи дека, за ваква интимна работа, свекрвата воопшто не разговарала со синот, туку ја прашувала снаата, што значи дека исто како во минатото, ваквите разговори не се дозволени помеѓу мајката и синот, додека со снаата, со оглед на нејзиниот пол, иако таа е странец и нов член на семејството, може да се разговара на оваа тема.

Кога се во прашање сексуалните обврски во бракот, соговорниците тоа го гледаа како нешто што жената е должна да го прави, дури и задолжително. Секакво одбивање на исполнување на ваквата обврска од нејзина страна би довело до голем револт кај мажот, кој сметаше дека во тој случај има право тоа да го побара кај друга жена. Оправдување за него дури не беше ни времето кога жената има месечен циклус, па и во тој случај сметаше дека задоволството би можел, односно дека е оправдано да го најде кај друга жена. Доколку пак жената не е вработена, тогаш, поради тоа што тој ја издржува финансиски, беше со мислење дека нејзината обврска е уште поголема, бидејќи „дома оставил сè платено“ (соговорник, роден 1975 г., Горно Порече), а таа немала друга работа, освен да се „мазни“ (соговорник, роден 1975 г., Горно Порече), што подразбира дека ништо не работи, туку треба во секое време да го пречека сопругот подготвена да му пружи задоволство. Неисполнувањето на ваква обврска, според него, води до конфликти, изневерување од негова страна, па и до развод. За последната ситуација повторно ја наоѓаше крива жената, која со своето однесување придонела за таков исход. Исто така, ова може да предизвика и физичка пресметка со неа, а од неа потоа би можел да очекува да го „отруе“. Од сето ова, тој изведе заклучок дека жените се за сè криви, односно, поради нивното непочитување на исполнувањето на сексуалната обврска во бракот, на крајот се губи довербата, па страдаат и сопружниците и нивните деца. Решението, на крајот, го посочи во скратување на многу права на жените, со што веројатно сметаше дека повторно би се востановил редот што владеел во минатото, кога жените им биле покорни на мажите, па со тоа се обезбедувала и стабилноста во бракот.

За ставовите и желбите на „старите ергени“ има уште многу да се каже, но она што особено остава впечаток е дека, покрај, условно кажано, неповолната состојба во која се нашле, односно нивното неисполнување на одредени очекувања од средината во која живеат, или, според живописниот назив на еден од моите соговорници „црно пиле“, тие сепак својот „проблем“ со женењето не би го решиле ту-

кутака. Односно тие, во нивните напори да ја решат својата состојба, сепак не би зеле за жена која било. Нивната избраничка сепак треба и се очекува (читај: мора) да исполни одредени услови. Овие услови, иако се донекаде изменети, сепак видно не отстапуваат многу од условите според кои се избирала жена во минатото, според традициските норми, кои и денес, можеби не во таква форма како во минатото, сѐ уште важат. И покрај тоа што и овој изолиран крај не останал сосема нечепнат од современоста, сепак кај ергените, кога станува збор за изборот на сопруга, неминовно остануваат како отпечаток нормите што во нивната потсвест се втиснати од нивното воспитување и околината во која пораснале.

## Користена литература:

Јакимовска, Илина. 2009. *Телото, етнолошко - антрополошка студија*. Скопје: Слово.

Обрембски, Јозеф. 2001. *Македонски етносоциолошки студии*, книга II. Скопје: Матица.